9. Ул."Или Костов" од спој со ул."Браќа Хаџитефови" до спој со ул."Страшо Пинџур" и истата од "Тиквешко Востание" до спој со ул."Задругарска",
10. Ул."Ќиро Спанџев" од спојот со ул."Ило Костов" до ул."Браќа Џунови" и истата од ул."Рајна Соколова" до спојот со ул."Слога",
11. ул."Мирче Ацев" од спој со "Блажо Алексов" до ул."Партизанска" и истата до спој со ул."Илинденска",
12. Ул."Слога" од спој со ул."Ќиро Крстев" до спој со ул."Страшо Пинџур",
13. "Брушанска",
14. ул."Словенска",
15. ул."Игман" до дел од ул."Прилепска",
16. ул."Дешка Тошева",
17. ул."Задругарска",
18. ул."Пиринска",
19. ул."16 Јуни",
20. ул."14 мај",

21. ул.”Витачево”,
22. ул.”Методија Џунов Џико” од спојот со ул.”Браќа Миладинови” до крај
23. ул.”Дисанска” до гаражата на “Тиквеш Транс”,
24. ул.”Доне Попов” и ул.”Владимир Назор” со ул.”Вардарска”,
25. ул.”Смилица”,
26. ул.”Народна Младина”,
27. ул.“Добри Даскалов”,
28. ул. “Ѓорѓи Сугаре”.

**Локални патишта**

1. Локален пат бр.107
   Од регионален пат 107 – Кавадарци – Прилеп до с.Шивец
2. Локален пат бр.108
   Од регионален пат бр.107 – Кавадарци – Прилеп – до с.Раец
3. Локален пат од П-108 кон с. Рожден;
4. Локален пат за с.Бојанчиште
5. Локален пат бр.116 од регионален пат 108 – до с.Рожден
6. Локален пат бр. 118 од регионаленпат 108 – зза с.Г.Бошава

**III Приоритет**

1. Ул.”Бигла”,
2. Ул.”Ѓорѓи Соколов”,
3. Ул.”Народни херои” од спој со ул.”Страшо Пинџур” преку ул.”Браќа Џунови” кај Карово маало до ул.”Слога”.

**Локални патишта**

1. Локален пат за с.Ќесендре
2. Локален пат за с.Шешково, Праведник, Добротино
3. Локален пат за с.Драдња
4. Локален пат за с.Мајдан
5. Локален пат за с.Драгожел
6. Локален пат с.Кошани

Со Програмата за зимска служба во III приоритет се опфатени и локални патишта кои не се споменати во Програмата.

## 5. ПРЕСМЕТКА ЗА ПОТРЕБНИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПРИПРЕМА НА ЗИМСКА СЛУЖБА ПРИПРАВНОСТ И ДЕЖУРСТВО

**5.1.Материјални трошоци**

- Индустриска сол
- Песок
- Механизација и работна сила
  со ефективни часови на работа
- Дежурство % работна сила

- Приправност % механизација
- Приправност - Работна сила

___________________________ВКУПНО СО ДДВ: 3.000.000 денари

Динамиката на реализацијата ќе се утврди договорно меѓу субјектите по приоритет.

Потребните финансиски средства за зимска служба ќе се обезбедат од Агенцијата за патишта на Република Македонија и тоа за 2017/2018 година.

**6.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4382/29** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.11.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за определување на ширината на крајбрежниот појас на река Луда Мара и Овчка Река опфатен со Урбанистички план за с.Марена,Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за определување на ширината на крајбрежниот појас на река Луда Мара и Овчка Река опфатен со Урбанистички план за с.Марена,Општина Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.11.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-4690/30** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**04.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.05/2002, 87/08, 6/09, 161/09, 83/2010, 51/11,44/2012, 23/2013,163/2013,180/2014,146/2015,52/2016), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Службен гласник на Општина Кавадарци”бр.8/2005), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.11.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За определување на крајбрежен појас на река Луда Мара и Овчка Река во Општина Кавадарци опфатен со Урбанистички План за село Марена за изградба во КО Марена , Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува ширината на крајбрежниот појас на водотекот на река Луда Мара и Овчка Река низ населено место Марена, Општина Кавадарци, од стационажа 0+048,8511 до 1+345,0663, дефинирана со координати при влез на Луда Мара од Т1 у – 7 585964,13 и х-4 591 505,05 , а при излез до Т2 у- 7 586 578,75 и х-4 592 401,22 и од стационажа 0+000,00 до 1+085,2530 дефинирана со координати при влез на Овчка Река од Т3 у-7 586 511 36 и х-4 591 288,47 , а при слив во Луда Мара до Т4 у-7 586 382,46 и х -4 592 197,63, а заради заштита и одржување на природното и уреденотѕо речно корито и брегот на реката.

**Член 2**

Ширината на крајбрежниот појас на водотекот на река Луда Мара и Овчка Река опфатен со Урбанистички План за село Марена од крајната линија на регулацијата на речното корито ке изнесува најмалку 5 метри.

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука е графичкиот прилог Урбанистички План за село Марена-Синтезен план во размер 1:1000 и геодетски координати за опфатот и Согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање бр.УП1-11/5 бр.1138/2017 18.10.2017 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-4382/30**
**30.11.2017 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Извештај за работењето на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за периодот од 01.01.2017 до 30.06.2017 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за усвојување на Извештај за работењето на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за периодот од 01.01.2017 до 30.06.2017 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.11.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-4690/31** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**04.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 Законот за јавните претпријатија бр.38/96, 6/02,40/03, 49/06, 22/07, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 25/2015, 61/2015 и 39/2016), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ “ бр. 5/02), член 82 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 30.11.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Извештајот за работењето на**

**на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за период од 01.01-30.06.2017 година**

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работењето на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за период од 01.01-30.06.2017 година, донесен на седницата на Управен Одбор на ЈП „Комуналец„ Кавадарци на ден 31.08.2017 година .

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.08-4382/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.11.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за именување на член во Управниот Одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци - претставник на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Решението за именување на член во Управниот Одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци - претставник на Општина Кавадарци, донесено на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.11.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-4690/32** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**04.12.2017 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** — **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 100 точка 3 од Законот за социјална заштита ("Сл.весник на РМ" бр.79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 187/13,38/14 , 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15104/15, 150/15, 173/15, 192/15, и 30/16 ), а во врска со член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/2002) и член 82 став 2 точка 29 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр. 08/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.11.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на претставник на Општина Кавадарци Во Управниот Одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци**

**Член 1**

За претставник на Општина Кавадарци во Управниот Одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци СЕ ИМЕНУВА :

1. Марија Попова Шандаров;

**Член 2**

Решението да се достави до именованиот, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци, Министерството за труд и социјална политика и архива на Општина Кавадарци.

**Член 3**

Решението влегува во сила со 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во„ Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-4382/32** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.11.2017 година** — **Претседател,**
**Кавадарци** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување членови во Управниот Одбор на ЈОУ Детска Градинка "Рада Поцева" Кавадарци -претставник на Министерството за труд и социјална политика**

1. СЕ ОБЈАВУВА Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување членови во Управниот Одбор на ЈОУ Детска Градинка "Рада Поцева" Кавадарци -претставник на Министерството за труд и социјална политика, донесено на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.11.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-4690/33**
**04.12.2017 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 114 точка 10 од Законот за заштита на децата ("Сл.весник на РМ" бр.23/2013,12/2014, 44/2014), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/2002), член 82 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.11. 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за изменување и дополнување на Решението**
**за разрешување и именување членови**
**во Управниот Одбор на**
**ЈОУ Детска Градинка "Рада Поцева" Кавадарци**

**Член 1**

Се разрешува Валентина Таскова член во Управниот Одбор на ЈОУ Детска Градинка "Рада Поцева" Општина Кавадарци -претставник на Министерството за труд и социјална политика , именувана со Решение бр.07-3862/9 од 27.08.2014 година, врз основа на предлог од Министерството за труд и социјална политика бр.03-5107/28 од 26.07.2017 година.

За член во Управниот Одбор на ЈОУ Детска Градинка "Рада Поцева" Општина Кавадарци- претставник на министерството за труд и социјална СЕ ИМЕНУВА :

2. Роска Коцева Андоновска од Кавадарци;

**Член 2**

Мандатот на именуваниот од член 1 на ова Решение во Управниот одбор на ЈОУ Детска Градинка "Рада Поцева " Кавадарци , трае заклучно со мандатот на Управнот Одбор каде се именува .

**Член 3**

Решението да се достави до именованиот, Детската градинка и архивата на Општина Кавадарци.

**Член 4**

Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-4382/33** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.11.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување на член во Управниот Одбор на ЈП"Комуналец" Кавадарци -претставник на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување на член во Управниот Одбор на ЈП"Комуналец" Кавадарци -претставник на Општина Кавадарци, донесено на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.11.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-4690/34** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**04.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 18 од Законот за јавни претпријатија("Сл.весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014 ,25/2015,61/15 и 39/2016), член 82 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.11.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување на член во Управниот Одбор на ЈП"Комуналец" Кавадарци- претставник на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Се разрешува членот во Управниот Одбор на ЈП"Комуналец" Кавадарци-претставник на Општина Кавадарци Драганчо Николов, поради неспоивост на функцијата на сопствено барање, именуван со Решение бр. 07–5915/18 од 24.12.2013 година ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.10/2013,26/2014, 32/2015,50/2016).

За член во Управниот Одбор на ЈП"Комуналец" Кавадарци-претставник на Општина Кавадарци, СЕ ИМЕНУВА

1. Васко Керов;

**Член 2**

Мандатот на именуваниот од член 1 на ова Решение во Управниот Одбор на ЈП"Комуналец" Кавадарци трае заклучно со мандатот на Одборот во чиј состав се именува.

**Член 3**

Решението да се достави до именованиот, ЈП"Комуналец" Кавадарци и архивата на Општина Кавадарци.

**Член 4**

Решението влегува во сила со 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-4382/34** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.11.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за усвојување на Годишен План за вработување во ЈОУДГ„Рада Поцева" Кавадарци за 2018 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање на согласност на Одлуката за усвојување на Годишен План за вработување во ЈОУДГ„Рада Поцева" Кавадарци за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.11.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-4690/35** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**04.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ “ бр. 5/02), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 30.11.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност на Одлуката за усвојување на Годишен План за вработување во ЈОУДГ„Рада Поцева” Кавадарци за 2018 година**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката усвојување на Годишен План за вработување во ЈОУДГ„Рада Поцева” Кавадарци за 2018 година заведен под бр.04-63/1 од 06.04.2017 година, донесена на седница на Управен Одбор на ЈОУДГ„Рада Поцева” Кавадарци бр.02-104/2 од 03.07.2017 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ке се објави во “Службен Гласник на Општина Кавадарци” .

**Бр.08-4382/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.11.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност за потпишување на Договори за грант од КФВ банка, кој ке биде наменет за финансирање на инвестиции и техничка помош за Општина Кавадарци и ЈП„Комуналец„ Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност за потпишување на Договори за грант од КФВ банка, кој ке биде наменет за финансирање на инвестиции и техничка помош за Општина Кавадарци и ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.11.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-4690/36** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**04.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.гласник на општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.11.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за потпишување на Договори за грант од КФВ банка, кој ке биде наменет за финансирање на инвестиции и техничка помош за Општина Кавадарци и ЈП„Комуналец„ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на Договори за грант од КФВ банка, кој ке биде наменет за финансирање на инвестиции и техничка помош за Општина Кавадарци и ЈП„Комуналец„ Кавадарци и тоа:

1. Финансиски договор помеѓу КФВ банката, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Општина Кавадарци и Општина Гевгелија,ЈКП„Комуналец„ -Кавадарци и ЈКП„Комуналец„ -Гевгелија;
2. Посебен договор (Сепаратен договор) помеѓу КФВ банката, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Општина Кавадарци и Општина Гевгелија, ЈКП„Комуналец„ - Кавадарци и ЈКП„Комуналец„ -Гевгелија, во кој детално ке бидат утврдени проектните активности, постапките за спроведување на истите, и
3. Договори за грант средства кои Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски треба да ги склучат со Општина Кавадарци и ЈКП„Комуналец„ -Кавадарци и Општина Гевгелија, и ЈКП„Комуналец„ -Гевгелија

**Член 2**

Се овластуваат Градоначалникот на Општина Кавадарци и директорот на ЈПК Комуналец - Кавадарци да ги потпишат горецитираните Договори.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл.гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4382/36** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.11.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата**

**за контрола на популацијата на бездомни кучиња,за заштита и благосостојба на животните-третман на бездомни кучиња,односно нерегистрирани и регистрирани кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот-за 2018 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња,за заштита и благосостојба на животните-третман на бездомни кучиња,односно нерегистрирани и регистрирани кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот-за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.11.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-4690/37**
**04.12.2017 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 28 став 1,2,3 и 4 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“ бр.149/14,149/15 и 53/16)член 36 став1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(Сл.Весник на Република Македонија бр.5/2002) член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци(Службен гласник на Општина Кавадарци бр.8/05),Советот на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 30.11. 2017 година, донесе

**Програма**
**за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот – за 2017 година**

**I.Вовед**

Програмата за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, е во согласност со член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“ бр.149) и обврските на општините кои произлегуваат од истиот.

За заштита на населението од опасности кои животните предмет на оваа програма, можат да ги предизвикаат, а посебно заради обезбедување на елементарна заштита и благосостојба на животните, општините се задолжени да применуваат мерки за заштита и третман на бездомни кучиња.

Постапките за третман на бездомни кучиња се дефинирани согласно закон, врз основ на кој општините изготвуваат Годишна програма за работа, усогласена со предвидениот буџет за реализација на потребните активности. Постапката ги вклучува следните општи мерки:

1.Собирање на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственик, и привремено сместување во прифатилишта;

2.Заловување на бездомни кучиња од страна на квалификувани лица;

3.Третман на заловените бездомни кучиња (кастрација, здравствено третирање, социјализација, обележување со микрочип, враќање во регион);

4.Контрола на популацијата на бездомни кучиња;

Општите мерки ги организира ЈП Комуналец и се спроведуваат во соработка со останатите надлежни институции и регистрирани субјекти овластени за вршење на дејност – прифатилишта.

Посебни (специфични) мерки за заштита на населението и третман на бездомни улични кучиња се:

1. Хумана еутаназија на бездомните кучиња, во случај на појава на заразна болест;

Специфичните мерки за заштита се спроведуваат во случај на појава на заразна болест, која може да се пренесе со кучињата, односно доколку постои опасност од појава на ваква болест, може да се направат исклучоци од основните мерки и да се спроведе хумана еутаназија на кучињата.

Спроведувањето на специфичните мерки за заштита на населението и заштита и благосостојба на животните, имаат приоритет во однос на спроведувањето на основните мерки, со цел обезбедување повисок степен на заштита на населението и животните.

**II.Активности**

Со Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението и заштита и благосостојба на животните, се утврдуваат активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки на територијата на општина Кавадарци.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Кавадарци, во соработка со ЈП Комуналец-Кавадарци ,согласно пренесените надлежности според одлуката за комунален ред, за заштита и благосостојба на животните (третман на бездомни кучиња) во Општина Кавадарци, во 2017 година, ќе се спроведат следните општи мерки:

1.Редовна годишна вакцинација и третман за заштита од штетници, на кучињата во сопственост на општина Кавадарци;

2.Собирање на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственик, и привремено сместување во прифатилишта;

3.Заловување на бездомни кучиња од страна на квалификувани лица;

4.Третман на заловените бездомни кучиња (кастрација, здравствено третирање, социјализација, обележување со микрочип, враќање во регион);

5.Контрола на популацијата на бездомни кучиња;

ЈП Комуналец и во 2017 година ќе продолжи да се грижи за заштита и благосостојба на животните, со правилен третман на бездомните кучиња, согласно закон и Годишна програма. Комуналната редарска служба ќе продолжи да врши контрола на терен за спроведување на обврските на граѓаните согласно Одлуката за комунален ред, член 152, со кој се уредени бројот на кучиња во едно домаќинство, начин на сместување и чување, начин на шетање на кучињата и одбележување на дворот. Општина Кавадарци во соработка со локалните образовни и социјални институции ќе ги запознава најмладите категории на граѓани со етичките и законски обврски на сопствениците на миленици, преку едукативни предавања.

Контролата на квалитетот и исправноста во извршување на обврските на општина Кавадарци, согласно Закон за заштита и благосостојба на животните и Годишната програма, ќе ја вршат надлежни органи, Агенција за храна и ветеринарство на РМ, Сектор за инспекциски надзор.

**III.Финансирање**

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на општина Кавадарци за 2017 година, програма Ј8-други комунални услуги (464 990-други трансвери) за годишна вакцинација и третман за заштита од бездомни кучиња,и третман на нови бездомни кучиња обезбедени се 300.000 денари.

**IV.Известување**

Сите известувања и информирања на граѓаните ќе се врши преку соопштенија истакнати на јавни места, ВЕБ страната на општината, соработка на општината со локалните надлежни органи: полиција, противпожарна служба, здравствен центар, здружение на пчелари итн, за точниот термин на акцијата и начинот на изведување на третманот.

**V.Мониторинг**

Мониторинг над спроведувањето на општите мерки на Општина Кавадарци за заштита и благосостојба на животните, врши претставник на локалната самоуправа – комунален редар/инспектор. Во случај на спроведување на посебни (специфични) мерки ќе биде известена надлежната институција Агенцијата за храна и ветеринарство, за вршење на надзор на активноста.

## VI.Завршни одредби

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“

| | СПЕЦИФИКАЦИЈА за набавка на собирање, Згрижување и еутаназија на кучиња скитници | Единечна цена за едно животно | ДДВ 18% | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Принцип-залови,стерилизирај,вакцинирај и врати за едно куче** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.1. | Заловување и транспорт до прифатилиште,враќање во реонот | 700 | 126 | 826 |
| 1.2. | Лабараториско испитување на Лајшманија | 550 | 99 | 649 |
| 1.3. | Кастација и ојаловување | 800 | 144 | 944 |
| 1.4 | Идентификација, микрочипови,околувратник во боја, ушни маркчки | 560 | 101 | 661 |
| 1.5 | Вакцинација против беснило и антипаразитски третман | 500 | 90 | 590 |
| 1.6 | Седумдневен престој во профатилиштето | 840 | 151 | 991 |
| | **ВКУПНО** | **3950** | **711** | **4661** |
| **2** | **Принцип-залови еутаназија за едно куче** | | | |
| 2.1 | Заловување и транспорт до прифатилиште, транспорт до депонија | 700 | 126 | 826 |
| 2.2 | Лабараториско испитување на Лајшманија | 550 | 99 | 649 |
| 2.3 | Седумдневен престој во прифатилиште | 840 | 151 | 991 |
| 2.4 | Еутаназија | 680 | 122 | П802 |
| | **ВКУПНО** | **2770** | **498** | **3268** |

**Бр.08-4382/37** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.11.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.11.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-4690/38** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**04.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.гласник на општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.11.2017 година, донесе

## О Д Л У К А

### за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци

**Член 1**

Со Оваа Одлука се одобруваат финансиски средства во износ од 15.000 денари, како репрезантативен подарок за првото новородено дете во Општина Кавадарци на почетокот на секоја календарска година.

**Член 2**

Финансиските средства од член 1 ке се исплатат од Буџет на Општина Кавадарци за тековната година конто-464, на трансакциона сметка на Комерцијална Банка на име на мајката на првото новородено дете во Општина Кавадарци.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл.гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4382/38**
**30.11.2017 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за организиран дочек на Новата 2018 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програма за организиран дочек на Новата 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.11.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-4690/39**
**04.12.2017 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа. “Сл.весник на РМ“ бр5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. Гласник на Општина Квадарци“ бр. 8/05, Градоначалникот на Општина Кавадарци му предлага на Советот на Општина Кавадарци на едницата одржана на ден 30.11.2017 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**За организиран дочек на Новата 2018 година**

**ВОВЕД**

По пауза од една година, оваа година повторно предлагаме организиран дочек на Новата Година за сите граѓани на Општина Кавадарци на Градскиот Плоштад. Активностите за организирање на Новогодишните и Божиќните празници се на Локалната самоуправа и Домот на културата “Иван Мазов Климе“.

Во периодот пред Нова Година, со координација со основните училишта градоначалникот заедно со Дедо Мраз ќе дели Новогодишни пакетчиња за децата од прво до петто одделение. Пакетчињата ќе се делат за време на Новогодишните приредби во основните училишта.

Новогодишни пакетчиња се предвидени за децата од социјално загрозените семејства кои не посетуваат настава, за децата од специјалната паралелка, децата кои се на болничко лекување, Здружението на слепи лица од Кавадарци и други загрозени семејства.

Во салата на Дом на култура “Иван Мазов Климе“ по повод Новогодишните празници за сите деца од основните училишта ќе се реализира Новогодишна детска претстава како и изложба на Друштвото на ликовни уметници од Кавадарци.

На 29.12.2017 година Градоначалникот на Општината ќе го организира Свечениот Новогодишен прием за претставници од јавниот, приватниот и невладиниот сектор од градот како и вработените во Локалната самоуправа.

За дочек на Новата 2018 на Градскиот плоштад ќе биде организирана културно – забавна програма со настап на локални бендови од забавен карактер. Почетокот на Новата Година точно на полноќ ќе биде означен со спектакуларен Новогодишен огномет.

## Содржина

Во врска со содржините во програмата ќе бидат застапени следните настани:

**26 – 28.12.2017 година**

- Делење на пакетчиња заедно со Градоначалникот и Дедо Мраз во основните училишта.
- Новогодишни претстави во Домот на културата.

**29.12.2017 година.**

- Новогодишен прием кај Градоначалникот.
  Коктел со кетеринг и акустична музика во Сала во Собрание.

**31.12.2017 година.**

- Прославата започнува со поздравен говор од водителот на прославата Диме Коцевски во 21 часот.
- До 23: 45 часот настап на локалните бендови Трилоџи, Лексикон и Бадасал како и Диме Коцевски со Stand up comedy.
- Во 00:00 спектакуларен огномет.
- 00:15 часот поздравен Новогодишен говор на Градоначалникот до сите граѓани на Општина Кавадарци.
- Забавата продолжува до 2 часот по полноќ со локалните бендови и Диме Коцевски.

**08.01.2018 година**

Божиќен концерт ОМБУЦ “Лазо Мицев-Рале“ Кавадарци, сала Дом на културата “Иван Мазов Климе“ Кавадарци.

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите утврдени со оваа програма , ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Кавадарци за 2017 година. Кои се предвидени за културни манифестации.

Средствата од буџетот на Општина Кавадарци предвидени за оваа намена се распоредуваат:

**РАСХОДЕН ДЕЛ**

1. Новогодишни пакетчиња.............................. 357.205 денари.
2. Огномет.............................................................50.000 денари.
3. Новогодишен коктел
- Кетеринг..........................................................80.000 денари.
4. Надомест на Дедо Мраз за делење на Новогодишни пакетчиња на децата...............................................................6000 денари.
5. Покани, флаери и плакати................................30.000 денари.
6. Монтажа и демонтажа на бина на Градски плоштад.............................................................16.520 денари.
7. Озвучување.......................................................70.800 денари.
8. Осветлување.....................................................33.002 денари.
9. Договорни услуги – настап на локални музички групи и stand up артист...............................................................160.000 денари.

ВКУПНО:..................................................................803.527 денари

За организирање на Програмата за дочек на Новата Година на Градскиот плоштад од Буџетот на општина Кавадарци ќе се трансверираат средства од позицијата 9 на Дом на култура “Иван Мазов Климе“ Кавадарци во износ од 160.000 денари.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Носител на културно уметничката програма за организирање на дочек на Новата Година 2018 и Божиќните празници е Дом на култура “Иван Мазов Климе„ Кавадарци.

Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-4382/39**
**30.11.2017 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**